**ОБЕДИНЕТИ НАЦИИ**

Меѓународен суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година

Предмет бр.: ИТ-04-82- А

Датум: 26. март 2009

Оригинал: англиски

**ПРЕД ЖАЛБЕНИОТ СОВЕТ**

**Судии:** **Судија Мемет Гунеј, пред-жалбен судија**
**Судија Мохамед Шахабудеен**
**Судија Лиу Дакун**
**Судија Андресиа Ваз**
**Судија Теодор Мерон**

**в.д. Секретар:** **г. Џон Хокинг**

**Датум на поднесување:** **26. март 2009**

**ОБВИНИТЕЛОТ**

**против**

**Љубе БОШКОСКИ**
**Јохан ТАРЧУЛОВСКИ**

***ЈАВНО***

**РЕШЕНИЕ ПО БАРАЊЕТО НА ЈОХАН ТАРЧУЛОВСКИ ЗА ОДОБРУВАЊЕ АРГУМЕНТИТЕ ВО ЖАЛБЕНАТА ПОСТАПКА ДА СЕ ИЗВЕДУВААТ ВО РЕДОСЛЕД РАЗЛИЧЕН ОД ОНОЈ НАВЕДЕН ВО НАЈАВАТА ЗА ЖАЛБА, ДА СЕ ИЗМЕНИ НАЈАВАТА ЗА ЖАЛБА И ДА СЕ ПОДНЕСЕ ПРОТИВ-РЕПЛИКА НА БАРАЊЕТО НА ОБВИНИТЕЛСТВОТО ЗА ОТФРЛАЊЕ**

**Канцеларија на Обвинителот:**

г. Пол Роџерс

**Бранители на Јохан Тарчуловски:**

г. Алан М. Дершовиц
г. Натан З. Дершовиц
г. Антонио Апостолски
г. Јордан Апостолски

**Бранители на Обвинетиот Љубе Бошкоски:**

г-ѓа Едина Решидовиќ
г. Гуенел Метро

1. Жалбениот совет на Меѓународниот суд за кривично гонење на лица одговорни за тешки кршења на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија од 1991 година (понатаму во текстот Жалбен совет и Меѓународен суд) решавајќи по Барањето на Јохан Тарчуловски за одобрување аргументите во жалбената постапка да се изведуваат во редослед различен од оној наведен во најавата за жалба, во согласност со Процедурално упатство 4 и да се измени најавата за жалба во согласност со Процедурално упатство 2 (понатаму во текстот Барање), поднесено од Јохан Тарчуловски (понатаму во текстот Тарчуловски) на 12 Јануари 2009. Канцеларијата на обвинителството (понатаму во текстот Обвинителство) одговори на Барањето и поднесе Барање за отфрлање на 22 Јануари 2009.[1]

## I. ПРОЦЕДУРАЛНИ УПАТСТВА

2. На 10, јули 2008, во согласност со член 7(1) од Статутот, Судскиот совет II го осуди Тарчуловски за убиство, безобѕирно уништување и сурово постапување, како и кршење на правилата и обичаите на војување според член 3 од Статутот,[2] и го осуди на 12 години затвор.[3] Жалбениот совет моментално решава по две жалби против Пресудата изречена од Судскиот совет, поднесени од Тарчуловски[4] и од Обвинителството.[5]

3. Обвинителството го поднесе својот Одговор и Барање за отфрлање според Основи 1 и 2 од Жалбениот поднесок на Обвинителството на 22. јануари 2009.[6] Тарчуловски одговори на Одговорот на Обвинителството и Барањето за отфрлање на 26. јануари 2009.[7] Обвинителството

---

[1] Одговор на Обвинителството на Барањето на Јохан Тарчуловски од 12. јануари 2009, и Барање за отфрлање, 22. јануари 2009 (понатаму во текстот Одговор на Обвинителството и Барање за отфрлање).

[2] *Обвинителот против Љубе Бошкоски и Јохан Тарчуловски*, предмет бр. ИТ-04-82-Т, Пресуда, 10. јули 2008 (пресуда изречена од Судскиот совет), став 607.

[3] Пресуда изречена од Судскиот совет, став 608.

[4] Најава за жалба на Тарчуловски, 8. август 2008. По Второто барање на Тарчуловски за продолжување на рокот за поднесување на Жалбениот поднесок (Барање на Тарчуловски за продолжување на рокот за поднесување на Жалбен поднесок, 1. октомври 2008), на 22. октомври 2008, Жалбениот совет издаде налог рокот за поднесување на неговиот Жалбен поднесок да се продолжи до 12. јануари 2009. *Види* Решение по Второто барање на Јохан Тарчуловски за продолжување на рокот за поднесување на Жалбен поднесок, 22. октомври 2008, став 3. Тарчуловски поднесе доверлив Жалбен поднесок на 9. јануари 2009 и поднесе и јавна редактирана верзија на поднесокот на 12. јануари 2009 (Жалбен поднесок на Тарчуловски).

[5] Обвинителството поднесе жалба на ослободувачката пресуда за Љубе Бошковски. *Види* Најава за жалба на Обвинителството, 6. август 2008; Жалбен поднесок на Обвинителството, поднесен доверливо на 20. октомври 2008; Најава за поднесување на јавна редактирана верзија на Жалбениот поднесок на Обвинителството, 3. ноември 2008; Најава за поднесување на изменета јавна редактирана верзија на Жалбениот поднесок на Обвинителството, 4. ноември 2008; Одговор на жалба на Одбраната на Бошкоски, 1. декември 2008; Реплика на одговорот поднесена доверливо од Обвинителството на 16. декември 2008.

[6] Одговор на Обвинителството и Барање за отфрлање, ставови 4-24.

[7] 1) Реплика на Тарчуловски на Барањето 2) Одговор на Барањето за отфрлање на Обвинителството, 26. јануари 2009 (Реплика и Одговор на Барањето за отфрлање).

одговори на Репликата и Одговорот на Барањето за отфрлање на Тарчуловски на 29. јануари 2009.[8] Тарчуловски поднесе барање да поднесе против-реплика на Барањето на Обвинителството за отфрлање заедно со неговата против-реплика на 30. јануари 2009,[9] и Обвинителството го поднесе својот одговор на Барањето за Против-реплика на 4. февруари 2009.[10]

## II. ПОДНЕСОЦИ

4. Тарчуловски бара одобрение, врз основа на Процедуралното упатство за Службени барања за Жалби на Пресуда (Процедурално упатство),[11] за реорганизирање на основите за поднесување жалба наведени во неговиот Жалбен поднесок во редослед различен од оној наведен во неговата Најава за жалба.[12] Тој го наведува новиот редослед за основи за жалба во жалбениот поднесок, и во Барањето сите од шестте нови консолидирани основи за поднесување жалба се споредени со петнаесетте првобитни основи содржани во Најавата за жалба.[13] Бидејќи аргументите наведени во Жалбениот поднесок се формулирани во различен контекст од оние во Најавата за жалба, Тарчуловски бара дозвола да ја измени и дополни Најавата за жалба *nunc pro tunc*.[14]

5. Во својот Одговор и Барањето за отфрлање, Обвинителството тврди дека Тарчуловски недозволено додал две нови основи за жалба во Жалбениот поднесок, и бара тие да се отстранат.[15] Обвинителството тврди дека Основите 1 и 2 од Жалбениот поднесок се ниту конзистентни со ниту опфатени во Основа 2 од Најавата за жалба, како што тврди Тарчуловски во неговото Барање.[16] Обвинителството истакнува дека иако Основата 2 од Најавата за жалба се однесува на постоење на вооружен конфликт, знаењето на Тарчуловски дека има вооружениот конфликт, и неговата поврзаност со тој конфликт: (1) во Основа 1 од Жалбениот поднесок на Тарчуловски се тврди дека Меѓународниот суд нема надлежност над овој предмет бидејќи се

[8] Реплика на Обвинителството на Одговорот на Јохан Тарчуловски од 26. јануари 2009, на Барањето на Обвинителството за отфрлање, 29. јануари 2009 (Одговор на Барањето за отфрлање).
[9] Барање да се поднесе Против-реплика на Барањето на Обвинителството за отфрлање и Против-реплика, 30. јануари 2009 (Барање да се поднесе Против-реплика и Против-реплика, по наведениот редослед).
[10] Одговор на Обвинителството на Барањето на Јохан Тарчуловски за поднесување на Против-реплика на Барањето за отфрлање на Обвинителството и Против-реплика, 4. февруари 2009 (Одговор на Барањето за Против-реплика).
[11] ИТ/201, 7. март 2002, став 4.
[12] Барање, ставови 3, 4.
[13] Барање, ставови 5, 6.
[14] Барање, стр. 2 и став 7.
[15] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, ставови 1, 3, 4-24, 29.
[16] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, ставови 5-10.

однесува на законска операција наредена од суверена влада која дејствувала во самоодбрана и бидејќи, според Советот за безбедност, овој внатрешен вооружен конфликт не потпаѓа под надлежноста на Меѓународниот суд;[17] и (2) во Основа 2 од Жалбениот поднесок се тврди дека немало закони или обичаи на војување кои би регулирале реакција на една суверена влада на внатрешен терористички напад.[18] Во согласност со тоа, Обвинителството тврди дека аргументите наведени во Основи 1 и 2 од Жалбениот поднесок значително се разликуваат од оние наведени во Најавата за жалба.[19]

6. Обвинителството бара Советот да ги отстрани Основите 1 и 2 од Жалбениот поднесок. Како поткрепа на ова тврдење, Обвинителството вели дека претрпело штета со тоа што не било соодветно и навремено известено за овие нови основи, и сега мора да посвети значителен дел од своите ресурси да одговори целосно на новите основи во кратко време, бидејќи тие „не можеа да бидат разумно предвидени во (Најавата за жалба)“.[20] Покрај тоа, Обвинителството тврди дека отфрлањето на Основи 1 и 2 од Жалбениот поднесок нема да резултира со ризик за неостварување на правда бидејќи тие се „целосно поставени на погрешни основи, ирелевантни, очигледно погрешни, и неможе да се каже дека постојат разумни изгледи за успех“.[21]

7. Обвинителството тврди дека Основа 1 од Жалбениот поднесок е без основа бидејќи Жалбениот совет веќе ја регулираше географската и временска надлежност на Меѓународниот суд над овој предмет и освен тоа, Судскиот совет донесе заклучок за постоење на внатрешен вооружен конфликт во поранешната југословенска република Македонија (ПЈРМ).[22] Обвинителството тврди дека Основа 2 од Жалбениот поднесок исто така треба да се отфрли затоа што законите и обичаите на војување не треба да престанат да се применуваат кога акции за самоодбрана се преземаат против „терористи“.[23]

8. Обвинителството понатака тврди дека не се противи на барањето на Тарчуловски да ги реорганизира и да го промени редоследот на преостанатите основи за жалба, се додека тој поднесе Изменета најава за жалба во која јасно ќе бидат утврдени основите по кои има намера

---

[17] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, ставови 5, 6.
[18] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, ставови 7, 8.
[19] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, став 10.
[20] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, став 15.
[21] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, ставови 16, 17-21.
[22] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, ставови 18-20.
[23] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, став 21.

да продолжи, и да ги наведе во ист редослед на појавување како и во Жалбениот поднесок.[24] На крај, Обвинителството бара Жалбениот совет да го продолжи временскиот период за поднесување на својот Жалбен поднесок до 30 дена откако ќе се поднесе Изменетата најава за жалба.[25]

9. Во својата Реплика и Одговор на Барањето за отфрлање, Тарчуловски тврди дека: (1) од Основите 1 и 2 од Жалбениот поднесок не произлегуваат нови прашања; (2) дури и Основите 1 и 2 да се нови тврдења кои се однесуваат на надлежноста на Меѓународниот суд, тие „можат и треба да се прегледаат од Жалбениот совет *ab initio*"; (3) постапките за измена на Најавата за жалба беа коректно побарани според Правило 108 од Правилникот за постапка и докази (Правилник); и (4) отфрлање на Основите 1 и 2 од Жалбениот поднесок ќе резултира со неостварување на правда.[26]

10. Тарчуловски тврди дека аргументите наведени во Основите 1 и 2 се однесуваат на надлежноста на Меѓународниот суд, прашање кое според него било спорно во текот на постапката преку прелиминарен предлог за отфрлање,[27] интерлокуторна жалба,[28] и во завршните поднесоци на Одбраната.[29] Тој понатака тврди дека во Најавата за жалба не треба детално да се наведат изнесените аргументи туку се бара само да е содржана листа на основите за жалба.[30] Тарчуловски тврди дека иако се преработени или преформулирани, аргументите во суштина остануваат исти во однос на тоа дека го оспоруваат фактот дека настаните во Љуботен во контекст на македонскиот конфликт потпаѓаат под надлежност на Меѓународниот суд.[31] Покрај тоа, Тарчуловски тврди дека прашањата за надлежност се фундаментални и никогаш неможат да се укинат.[32]

11. Потпирајќи се на став 2 од Процедуралните упатства и Правило 108 од Правилникот, Тарчуловски тврди дека укажал на добра причина за менување на основите за жалба бидејќи

---

[24] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, ставови 3, 25-27, 29.
[25] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, ставови 3, 28-29.
[26] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 3.
[27] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 4, фуснота 7.
[28] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 6, фуснота 11.
[29] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 8, фуснота 15.
[30] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 10.
[31] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 10.
[32] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, ставови 12-13.

неговиот нов жалбен правен застапник има поинаков став за предметот и можеби ќе сака да преработи или да појасни некои прашања.[33] Според тоа, тој тврди дека нему не треба да му се оневозможи да покрене било каков основ за жалба кој би бил значително важен за жалбата.[34] Тарчуловски додава дека на Обвинителството не му се нанело штета со преработувањето на аргументите во Основите 1 и 2 од Жалбениот поднесок,[35] додека отфрлањето на овие основи би резултирало со неостварување на правдата.[36] Понатака, тој тврди дека Обвинителството „погрешно го толкувало стандардот на „значителната важност за жалбата„„ со тоа што несоодветно се барало од Меѓународниот суд однапред да донесе одлука за аргументите за суштината на спорот.[37] Покрај тоа, Тарчуловски достави Изменета најава за жалба во неговата Реплика и Одговор на Барањето за отфрлање, каде се наведени основите за реорганизирање и побараниот правен лек, кој според него тврдењето на Обвинителството би го направил беспредметно.[38] Според тоа, тој смета дека барањето на Обвинителството за продолжување на рокот за поднесување на неговиот Одговор на Жалбениот поднесок е беспредметно, но не вложува приговор Обвинителството да добие ограничено продолжување на рокот.[39]

12. Во својата Реплика на Барањето за отфрлање, Обвинителството повторува дека Основите 1 и 2 од Жалбениот поднесок треба да се отфрлат,[40] и тврди дека новите аргументи кои се наведени во него треба да се отфрлат врз основа на документ за одрекнување од правото[41] и како несериозни.[42] Понатака додава дека за да се утврди дали постои ризик за неостварување на правдата, жалбениот совет мора „да направи барем *prima facie* процена на суштината на аргументите покренати од лицето кое бара измена“.[43]

13. Обвинителството понатака тврди дека во предложената Изменета најава за жалба не се исполнуваат условите од Процедуралното упатство, особено во ставовите 1 (в) (i), (ii) и (iii), каде што не е јасно наведено дали наводните грешки се фактички грешки кои водат до

---

[33] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 18.
[34] *Ibid*
[35] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 20.
[36] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, ставови 23, 24.
[37] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 21, цитирајќи го *Обвинителот против Мркшиќ и Веселин Шљиванчанин*, ИТ-95-13/1-А, Решение по Барањето на Обвинителството да му се наложи на Веселин Шљиванчанин да побара одобрение да поднесе Изменета најава за жалба и да се отфрлат новите основи содржани во неговиот Жалбен поднесок, 25. август 2008, став 35, (Решение *Мркшиќ*, 25. август 2008“).
[38] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 25 и Прилог А.
[39] Реплика и Одговор на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, став 26.
[40] Реплика на Барањето за отфрлање, став 1.
[41] Реплика на Барањето за отфрлање, став 1.
[42] Реплика на Барањето за отфрлање, ставови 2, 6.
[43] Реплика на Барањето за отфрлање, став 4.

неисполнување на правда или правни грешки кои одлуката ја прават неважечка, и во врска со секоја грешка не е утврдено кои конкретни заклучоци на Меѓународниот суд се оспорувани.[44] Земајќи го ова предвид, Обвинителството истакнува дека во Изменетата најава за жалба треба доволно јасно да се идентификуваат прашањата за кои ќе се спори за да може респондентот соодветно да го подготви својот поднесок.[45]

14. Во своето Барање за против-реплика и Против-репликата, Тарчуловски тврди дека Обвинителството во својата Реплика на Барањето за отфрлање првпат покренало два аргумента: (1) тврдењето дека Основите 1 и 2 од жалбениот поднесок треба да се отфрлат врз основа на документ за одрекнување од правото; и (2) својот аргумент дека предложената Изменета најава за жалба не се придржува на Процедуралното упатство.[46] Во својот Одговор на Барањето за против-реплика Обвинителството наведува дека Барањето за против-реплика и Против-репликата треба да се одбијат затоа што двете нови прашања на кои се повикува Тарчуловски беа покренати во Барањето за отфрлање на Обвинителството.[47] Покрај тоа, наведува дека доколку Обвинителството покренало нешто ново до одреден степен во својата Реплика на Барањето за отфрлање, тоа било само за да се истакнат недостатоците на предложената Изменета најава за жалба, која што била поднесена само со Репликата и Одговорот на Барањето за отфрлање на Тарчуловски.[48]

## III. ДИСКУСИЈА

### А. Прелиминарно прашање

15. Во однос на Барањето за против-реплика, Жалбениот совет потсетува дека целосни одговори на прашања поставени во барањата треба да се дадат во фазата на одговори и дека ниту една одредба од Правилникот ниту од Процедуралното упатство овластува било која страна да поднесе против-реплика.[49] Меѓутоа, одобрение за поднесување на против-реплика

[44] Реплика на Барањето за отфрлање, ставови 7-11.
[45] Реплика, став 8.
[46] Барање за против-реплика и Против-реплика, ставови 4-6.
[47] Одговор на Барањето за против-реплика, став 1.
[48] *Ibid*
[49] *Обвинителот против Никола Шаиновиќ и Драгољуб Оjданиќ*, Предмет бр. ИТ-99-37-АР65, Решение за привремено пуштање на слобода, 30. октомври 2002, став 5. ***Види исто така Фердинанд Нахимана, Жан-Боско Барајагвиза и Хасан Нгезе против Обвинителот***, Предмет бр. ИЦТР-99-52-А, Решение по Службените барања кои

може да се одобри „кога репликата покренува ново прашање на кое што респондентот немал можност да одговори“.[50] Во овој предмет, прашањето за документ за одрекнување од правото беше имплицитно покренато од Обвинителството во својот Одговор и Барање за отфрлање[51] и Тарчуловски имаше можност да одговори на него.[52] Поради тоа, за прашањето за документ за одрекнување од правото не е потребно одобрение за поднесување на против-реплика. Имајќи предвид дека предложената Изменета најава за жалба беше поднесена како прилог кон Репликата и Одговорот на Тарчуловски на Барањето за отфрлање, Жалбениот совет смета дека Обвинителството можело да покрене прашања во врска со неа само во својата Реплика на Барањето за отфрлање. Поради тоа, Жалбениот совет прифаќа дека Против-репликата е валидно поднесена доколку се однесува на придржувањето на предложената Изменета најава за жалба кон Процедуралното упатство.

## Б. Овластување за изменување на Најава за жалба

16. Во Правило 108 од Правилникот е наведено:

> Страната која сака да вложи жалба на пресудата мора, во рок не подолг од 30 дена од датумот на кој пресудата била изречена, да вложи најава за жалба, во која ги посочува основите на жалбата. Жалителот исто така треба да го наведе налогот, одлуката или решението кои ги оспорува, како и точен датум на заведување, и/или страна од транскриптот, како и суштината на грешките кои наводно се направени и правниот лек кој го бара. Жалбениот совет може, ако со поднесокот му се укаже на добра причина, да одобри измена на жалбените основи.

17. Жалбениот совет може да одобри барање за изменување на најава на жалба откако ќе му се укаже на „добра причина“. Концептот на „добра причина“ покрива и добра причина за воведување на нови или изменети основи за побараната жалба и добра причина која укажува на тоа зошто тие основи не биле воведени (или не биле точно формулирани) во првобитната најава за жалба.[53] Условот за „добра причина“ се проценува за секој предмет посебно,[54] и

се однесуваат на поднесоците на страните во врска со Барањето на одобрение за воведување додатни докази на подносителот на жалбата Жан-Боско Барајагвиза, 23. јануари 2006, стр. 5.

[50] *Обвинителот против Млаѓо Радиќ*, Предмет бр. ИТ-98-30/1-Р.1, Решение по Барањето на Обвинителството на одобрение за поднесување против-реплика на Репликата на Одбраната на Барањето за преиспитување од Млаѓо Радиќ, 9. мај 2006, стр. 3. *Види исто* така Процедурално упатство на Меѓународниот суд за Постапки за поднесување писмени поднесоци во Жалбени постапки пред Меѓународниот суд, ИТ/155 Рев 3, 16. септември 2005, став 19.

[51] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, ставови 18-20,

[52] Реплика и Одговор на Барањето за отфрлање на Тарчуловски, ставови 12-13.

[53] *Обвинителот против Видоје Благојевиќ и Драган Јокиќ*, Предмет бр. ИТ-02-60-А, Решение по Барањето на Драган Јокиќ на одобрение да поднесе трета Изменета најава за жалба и Изменет жалбен подмесок, 26. јуни 2006 (*Благојевиќ и Јокиќ*, Решение од 26. јуни 2006) став 7.

[54] *Обвинителот против Кордиќ и Черкез*, Предмет бр. ИТ-95-14/2-А, Решение со кое се одобрува барањето на Дарио Кордиќ за измена на неговите основи на жалба, 9. мај 2002, став 5.

треба да се земат предвид неколку фактори.[55] Жалбениот совет накратко ги изложува овие фактори:

Овие го вклучуваат фактот дека измената е толку мала што нема влијание на содржината на најавата за жалба; фактот дека на спротивната страна нема да и се нанесе штета со измената или не вложила приговор на неа; фактот дека со варијацијата најавата за жалба ќе биде во склад со жалбениот поднесок. Кога жалителот бара суштинска измена која го проширува опсегот на жалбата, во некои случаи може исто така да се утврди „добра причина“. Жалбениот совет забележува дека никогаш не утврдил кумулативна листа на услови кои што мора да се исполнат секој пат кога треба да се одобри суштинска измена.[56]

18. Жалбениот совет потсетува дека условот за добра причина треба да се интерпретира порестриктивно во подоцни фази на жалбената постапка кога измените на основите за жалба можат значително да влијаат на делотворното спроведување на правдата.[57]

19. Основите за жалба и аргументите во поднесокот на Жалителот мора да се изнесени и обележани со броеви во ист редослед како и во Најавата за жалба на Жалителот, освен доколку се поинаку изнесени со одобрение на Жалбениот совет.[58] Каква било измена на основите за жалба мора да се изврши преку барање во согласност со Правилникот каде што ќе биде наведено конкретното Правило според кое се бара измена и аргументите кои го поткрепуваат барањето за измена на основите за жалба според условите од тоа Правило.[59]

## **В. Дали Основите 1 и 2 од Жалбениот поднесок се нови аргументи кои не се вклучени во Најавата за жалба**

20. Тарчуловски тврди дека Основите 1 и 2 од Жалбениот поднесок не се нови аргументи бидејќи се доволно покриени во Основите 1 и 2 од неговата Најава за жалба.[60]

---

[55] *Обвинителот против Благојевиќ и Јокиќ*, Предмет бр. ИТ-02-60-А, Одлука по Барањата во врска со Поднесоци во Жалбата на Драган Јокиќ, 24. ноември 2005, став 7.
[56] *Благојевиќ и Јокиќ* Решение на 26. јуни 2006, став 7.
[57] *Обвинителот против Мирослав Брало*, Предмет бр. ИТ-95-17-А, Решение по Барањето на Мирослав Брало за одобрение да се дополни жалбениот поднесок земајќи предвид нови информации кои се однесуваат на Ex Parte делот од Судските списи, 9. јануари 2007, став 11.
[58] Процедурално упатство, став 4.
[59] Процедурално упатство, став 2.
[60] Барање, став 6.

21. Жалбениот совет забележува дека во Основата 2 од Најавата за жалба се тврди дека Судскиот совет погрешил кога заклучил дека: (1) постоел вооружен конфликт во времето и местото релевантно за обвиненијата против него;[61] (2) Тарчуловски знаел дека постоел внатрешен вооружен конфликт;[62] и (3) однесувањето на Тарчуловски било доволно поврзано со наводниот вооружен конфликт.[63]

Меѓутоа, во Основа 1 од Жалбениот поднесок се тврди дека Меѓународниот суд нема надлежност над овој предмет бидејќи: (1) никогаш не утврдил критериуми за одредување дали владата на Македонија законски ја наредила операцијата за елиминирање на терористи кои живеат и/или се кријат меѓу селаните;[64] и (2) неговата надлежност над ова прашање е спротивна на одлуките и акциите на Советот за безбедност.[65] Овие аргументи се значително различни од оние наведени во Основа 2 од Најавата за жалба. Заради тоа, Жалбениот совет заклучува дека Основа 1 од Жалбениот поднесок е нова основа за жалба која не е покриена од Најавата за жалба.

23. Покрај тоа, во Основа 2 од Жалбениот поднесок се тврди дека: (1) настаните во Љуботен на 12. август 2001 не ги прекршиле претходно утврдените „Закони или обичаи на војување",[66] бидејќи тие закони не одредуваат „како една суверена држава треба или може да реагира на внатрешна терористичка закана";[67] и (2) како еден поединец кој извршува законска операција во самоодбрана планирана од неговата суверена држава, Тарчуловски неможе да се прогласи дека е кривично одговорен освен доколку неговите дејства биле несразмерни, или доколку ги пречекорил своите законски наредби.[68] Овие аргументи исто така се различни од оние наведени во Основата 2 од Најавата за жалба. Според тоа, Жалбениот совет заклучува дека Основата 2 од Жалбениот поднесок е нова основа за жалба која не е покриена од Најавата за жалба.

---

[61] Најава за жалба, ставови 31-43.
[62] Најава за жалба, ставови 44-51.
[63] Најава за жалба, ставови 52-54.
[64] Жалбен поднесок на Тарчуловски, ставови 39-53.
[65] Жалбен поднесок на Тарчуловски, ставови 54-58.
[66] Жалбен поднесок на Тарчуловски, ставови 59-92.
[67] Жалбен поднесок на Тарчуловски, став 64. Во под-основ 2А се анализира до кој степен тероризмот може да се покрие со меѓународно хуманитарно право и Статутот на Меѓународниот суд, ставови 66-88.
[68] Жалбен поднесок на Тарчуловски, под-основ 2Б, ставови 89-92.

## Г. Дали постои добра причина да се измени Најавата за жалба

24. Тарчуловски тврди дека постои добра причина да се измени неговата Најавата за жалба бидејќи двајца од неговите сегашни правни застапници беа назначени откако Најавата била поднесена, и неговиот одбранбен тим сега смета дека имаат нова перспектива на значењето на наводните грешки направени од Судскиот совет бидејќи целиот тим сега има можност да ги прегледа опширните списи и стенограмот од предметот.[69]

25. Жалбениот совет смета дека, во околностите на овој предмет, промената на правен застапник претставува добра причина за укажување зошто тие основи не биле вклучени во првобитната Најава за жалба. Покрај тоа, го забележува фактот дека предложената измена на Најавата за жалба ќе ја усогласи со Жалбениот поднесок, дека каква било потенцијална штета причинета на Обвинителството е излечена со решението на Жалбениот совет да го одобри барањето на Обвинителството за продолжување на рокот за поднесување на својот Респондентски поднесок,[70] и дека вклучувањето на овие основи за жалба во изменета најава за жалба нема прекумерно да смета на екпедитивно спроведување на правдата бидејќи овие аргументи не се одраз на промена на жалбената стратегија од страна на Тарчуловски, по читање на Респондентскиот поднесок на Обвинителството, кој сè уште не е поднесен.[71] Поради тоа, Жалбениот совет заклучува дека Тарчуловски укажал на добра причина за изменување на неговата најава за жалба.

## Д. Барање за отфрлање на Обвинителството

26. Обвинителствот тврди дека Основи 1 и 2 од Жалбениот поднесок треба да се отфрлат поради тоа што содржат нови фактички и правни аргументи, кои што не ги добиле навремено или со соодветна најава преку Најавата за жалба.[72] Жалбениот совет потсетува дека, по барање на некоја страна, може да отфрли нови основи кои биле за прв пат биле

[69] Барање, став 4.
[70] *Бошкоски и Тарчуловски* Решение, 19. февруари 2009, стр. 3.
[71] *Мркшиќ* Решение, став 41.
[72] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, став 10.

воведени во поднесокот на жалителот.[73] При донесување одлука по такво барање, релевантни се две нешта: (1) дали и до кој степен на респондентот му е причинета штета со тоа што не добил адекватно и навремено известување за овие нови основи за жалба; и (2) дали донесувањето на одлука на овие основи или под-основи за жалба во предметот на жалителот имаат таква суштинска важност за жалбата што доколку не се вклучат би постоел ризик за неостварување на правдата.[74]

27. Прво, Обвинителството тврди дека му било нанесено штета со тоа што не добило адекватна или навремена најава за двете нови основи бидејќи тие „не можеа да бидат разумно предвидени во (Најавата за жалба) и, поради тоа, подготвителната работа која ја преземало откако била поднесена Најавата за жалба не е корисна при занимавањето со нив.[75] Додатно на тоа, тврди дека му била нанесена штета бидејќи сега мора да посвети значителен дел од своите ограничени ресурси да одговори на овие две нови основи.[76] Иако Судскиот совет се согласува дека на Обвинителството до некој степен му било нанесена штета со појавувањето на две нови основи во Жалбениот поднесок, заклучува дека оваа штета е излечена со неодамнешното решение на Жалбениот совет да го одобри барањето на Обвинителството за продолжување на рокот за поднесување на својот Респондентски поднесок.[77]

28. Второ, Обвинителството тврди дека не постои ризик за неостварување на правдата доколку новите основи се отфрлат во оваа фаза бидејќи тие се „целосно поставени на погрешни основи, ирелевантни, очигледно погрешни, и неможе да се каже дека постојат разумни изгледи за успех“.[78] Жалбениот совет го отфрла овој аргумент бидејќи смета дека новите основи се *prima facie* важни за жалбата на Тарчуловски, и одбива однапред да решава за нивниот изглед за успех во оваа фаза на постапката.

**Ѓ. Дали Изменетата најава за жалба се придржува кон Процедуралното упатство**

[73] *Мркшиќ* Решение, став 4.
[74] *Мркшиќ* Решение, став 35.
[75] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, став 15.
[76] *Ибид*
[77] *Бошкоски* Решение, стр. 3
[78] Одговор и Барање за отфрлање на Обвинителството, став 16.

29. Тарчуловски ја поднесе својата предложена Изменета најава за жалба како Прилог А кон својата Реплика и Одговор на Барањето за отфрлање на Обвинителството.[79] Во својата Реплика на своето Барање за отфрлање, Обвинителството тврди дека предложената Изменета најава за жалба не се придржува кон Условите на Процедуралното упатство, особено став 1 (в)(i), (ii), и (iii) бидејќи во неа: (1) не е доволно јасно изнесено дали наводните грешки се фактички грешки поради кои дошло до неостварување на правдата, или правни грешки кои одлуката ја прават неважечка; и (2) во врска со секоја грешка и под-грешка не е утврдено кој заклучок (заклучоци) или решение (решенија) се оспорувани во пресудата со конкретна референца за бројот на страницата и бројот на ставот од пресудата.[80]

30. Во став 1 (в) (i), (ii) и (iii) од Процедуралното упатство е наведено дека:

> Страна која бара да поднесе жалба на пресуда на Судски совет (Жалител) во согласност со Статутот, ќе поднесе, (...) Најава за жалба во која ќе се содржат, во следниот редослед: (...) основата за жалба, во која јасно ќе се наведе најавата за жалба во однос на секој основ за жалба (i) каква било наводна грешка по правно прашање кое одлуката ја прави неважечка, и/или (ii) каква било наводна фактичка грешка поради која дошло до неостварување на правдата; (iii) идентификација на заклучокот или решението од пресудата кое е оспорувано, со конкретна референца за бројот на страната и бројот на ставот.

Иако предложената Најава за жалба на Тарчуловски се однесува на опсег на ставови од судската пресуда, кои се совпаѓаат со неговите основи за жалба, Жалбениот совет заклучува дека ова не го задоволува прецизниот услов на Процедуралното упатство дека најава за жалба треба да содржи идентификација на заклучоците или решенијата оспорувани во пресудата со конкретни референци за бројот на страницата и бројот на ставот. Во согласност со ова, Жалбениот совет му наложува на Тарчуловски да поднесе изменета Најава за жалба која во целост ќе се придржува кон Процедуралното упатство.

## IV. ДИСПОЗИТИВ

Поради гореизнесените причини, Жалбениот совет

---

[79] Реплика и Одговор на Барањето за отфрлање на Тарчуловски, став 25.
[80] Реплика на Барањето за отфрлање на Тарчуловски, став 7.

**ГО ОДОБРУВА** барањето на Тарчуловски да ја измени својата Најава за жалба и да ги изведе основите за жалба во Жалбениот поднесок во редослед во кој се изведени во изменетата Најава за жалба;

**НАЛОЖУВА** Тарчуловски да поднесе изменета најава за жалба, која во целост ќе се придржува кон став 1 (в) (i), (ii) и (iii) од Процедуралното упатство, не подоцна од седум дена по датумот на поднесување на ова решение;

**ГО ОТФРЛА** барањето на Обвинителството за отфрлање; и

**ГО ОТФРЛА** барањето на Обвинителството да се продолжи рокот за поднесување на неговиот Респондентски поднесок за 30 дена од поднесување на Изменетата најава за жалба.

Составено на англиски и на француски, при што англиската верзија е меродавна.

(своерачен потпис на оригиналот)

Судија Мемет Гунеј

Пред-жалбен судија

На ден 26. март 2009

Во Хаг
Холандија

**[Печат на Меѓународниот суд]**